TIME.MK ГО СЛЕДИ СВЕТОТ

Архива

филмот молитва

## Период

Од 01 01 1991

До 31 12 2012

## Извор

- [ ] сите
- [ ] Дневник
- [ ] Утрински
- [ ] Вест
- [ ] Вечер
- [ ] А1
- [x] Време
- [ ] Канал5
- [ ] Макфакс
- [ ] Нетпрес
- [ ] МТВ
- [ ] Алфа
- [ ] Сител
- [ ] Курир
- [ ] Собрание
- [ ] Капитал
- [ ] Кајгана

## Опции

**Пребарувај:**

- ( ) цел текст
- (•) само наслов

**Временски:**

- ( ) растечки
- (•) опаѓачки

**Прикажи:**

- (•) текстуално
- ( ) графички

# Филмот „Молитва" е мојот личен аџилак

**Време / 15.03.2004**

РАЗГОВОР: СТЕФАН ШАШКОВ, УМЕТНИК И РЕЖИСЕР Наташа Бунтеска Уметничко-документарниот филм „Молитва" на Стефан Шашков анализирајќи го феноменот на молитвата во светските религии, ја промовира идејата за универзална аналогија, на која се потпира севкупната светска духовна традиција, а според која - с е е едно, а едното е с е . Филмот е снимен на неколку континенти, во петнаесетина земји, а снимањата продолжуваат и понатаму. Во Крушево „Молитва" доби Гранд-при „Златна корија" за најдобро остварување во Македонија во 2003. На македонската публика првично и беше претставен на крајот на минатата година во галеријата „Press to exit". Продуценти на филмот се Делта Ползер и Nebo-Afterimage. Од каде потекна мотивот да направиш приказна за еден толку заборавен и маргинализиран феномен? - С е почна од Индија. Долго време посакував да бидам таму за празникот Кумбамела, кој се случува еднаш на 12 години, на кој Индијците се капат во светата река Ганг за прочистување на гревовите и за ослободување на душата. Но, кога отидов, се разочарав. Очекував високодуховна приказна, а тоа што го видов личеше на панаѓур. Беше како на Стенковец. Спиевме во шатори, беше валкано, во истата вода ги капат мртовците и потоа пијат од неа... Но, само однадвор беше толку страшно. Всушност, Кумбамела е собир на многу луѓе, кои се среќни што се таму и кои веруваат во приказната. Суштината, нормално, се криеше под појавното. Токму во тоа време ја читав книгата „Автобиографија на еден јогин" на Парамаханса Јогананда. Тоа што го видов ме потсети на една реплика од книгата во која се вели дека во купот прав има понекое вредно зрнце по кое вреди да се трага. Дека тоа е она околу кое треба да се трудиме. Во тој момент сфатив што треба да правам и зошто сум таму. Така почна снимањето на филмот. Можеш ли да направиш споредба меѓу односот кон молитвата, меѓу степенот на посветеност во различните традиции? - Нема разлики. Тие што се посветени се посветени максимално. Разликата е само во зборовите. Тука нема степенувања. Искрените луѓе секаде се исти. Во Аризона сретнав Индијанци кои сакаат да бидат каубои, носат шешири и си ја заборавaат духовната традиција, на пример. На проектот работиш со години. Колку време помина од првата идеја до сегашниот производ ? - Идејата ја носев многу долго, уште од почетокот на осумдесеттите. Во филмот има сцени снимени 1995 година, кои сум ги евидентирал за лично задоволство, без замисла да ги употребам на ваков начин. Но, со намера да направам обемен проект, посветен на молитвата, почнав да снимам во 2001. Колкав дел од конечната замисла за филмот е завршен? - Ова што сега го имам е скица за филмот. Тој засега трае 47 минути, а ќе трае од 75 до 90 минути. Каде снимавте досега и кои земји влегуваат во вашите идни планови за снимање? - Од 2000 година досега снимавме во Тајланд, Индонезија, Индија, централна Турција, Аризона, Тексас, Мексико, Грција, Бугарија, во Македонија. Наскоро планираме да одиме во Јапонија и во Тајван. Во Тајван има едно многу атрактивно архитектонско здание. Се вика Музеј на светските религии. Го направил еден будистички монах кој, по две години поминати во медитација во една пештера, ја добил идејата да направи музеј. Какви промени вечерва ја очекуваат публиката која го виде филмот есеноска, бидејќи приказната постојано се надградува? - Тоа што беше прикажано есеноска е парче од една универзална приказна која почнува од ништото, продолжува со создавањето на материјата, на формите, и пред се со барањето на изворот, односно на смислата. Каков крај имаш замислено за конечното заокружување на филмската приказна? - Крајот ќе биде метафоричен, со назнака за почеток на нов циклус во кој човештвото ќе покаже дека извлекло позитивни искуства од она што му се случувало досега. Квалитетот на снимките на деловите од филмот е различен, бидејќи е сниман со различна опрема. Планираш ли да го пренесеш на друг формат за да ги надминеш тие осцилации? - Филмот е снимен со ВХС и со С-ВХС. Планирам да го префрлам на ДВ. Добив понуда од Митко Панов, кој предава на Универзитетот во Тексас, откако ќе завршам со снимање на целиот проект, да го монтирам кај нив. Нему многу му се допадна тоа што го виде. Кој ја даде финансиската поддршка за „Молитва"? - Филмот беше поддржан од ФИООМ, Прохелвеција и од Советот за радиодифузија со средства од с* на с* 8.000 евра, а досегашните вложувања изнесуваат околу 40.000 евра. Зборувам само за вложени средства, не вклучувајќи ги тука мојот труд и време, бидејќи јас влегов во овој проект многу ентузијастички. Парите беа сосема занемарлива категорија, бидејќи ова е една многу лична приказна која не се наплаќа со ниту едни пари на светот. Ова беше мој личен аџилак.

Изборот и позициите на вестите на TIME.mk се одредуваат автоматски со компјутерска програма.
Прикажаното време, или датум, се однесува на моментот кога веста била внесена или освежена во TIME.mk
TIME.mk не презема никаква одговорност за веродостојноста на преземените информации.



©2012 TIME.mk - www.time.mk - srb.time.mk - cro.time.mk - time.al - bg.time.mk - www.times.si